Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 183, точка 8, алинеа 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник“ на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на __.12.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2022 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги за инклузија на лица со посебни потреби;

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на социјално маргинализирани групи;
- Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства;
- Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Грижа за старите лица,
- Реализација на активности по стратешки документи,
- Вклучување во партнерски проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации.

| | **Активности на Општина Велес за 2022 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **А0** | **СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА** | **650.000,00** |
| 1 | Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства | 500.000,00 |
| 2 | Набавка на социјални пакети | 50.000,00 |
| 3 | Поддршка на лица жртви на семејно насилство | 50.000,00 |
| 4. | Поддршка на припадници на маргинализирани групи (лица лекувани од болести на зависности, бездомници, прифатен пунк за бездомни лица во зимскиот период, поранешни затвореници и сл.) | 50.000,00 |
| **А0** | **СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **400.000,00** |
| 1 | Сервисни услуги на стари лица во нивните домови | 200.000,00 |
| 2 | Лична асистенција на лица со ограничена мобилност | 200.000,00 |
| **А0** | **ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО** | **200.000,00** |
| 1 | Поддршка на деца без родители на почетокот на учебната година Општина Велес | 50.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Поддршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства | 50.000,00 |
| 3 | Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби | 50.000,00 |
| 4 | Поддршка на активностите на Советот за безбедност на децата во сообраќајот | 50.000,00 |
| **А0** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ** | **600.000,00** |
| 1 | Ревидирање на ЛАПЛИ | 200.000,00 |
| 2 | Одржување на донираното возило на МОБИЛНОСТ во возна состојба | 100.000,00 |
| 3 | Имплементација на Програмата на Општински совет за превенција од детско престапништво | 50.000,00 |
| 4 | Имплементација на Програмата на ЛЕСС | 50.000,00 |
| 5. | Активности за Родова еднаквост | 200.000,00 |
| **А0** | **СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И НВО** | **800.000,00** |
| 1 | Учество во партиципација на самохран родител во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца | 100.000,00 |
| 2 | Имплементација на активности со ОО на Црвен крст Велес | 100.000,00 |
| 3 | Инклузија на деца Роми | 300.000,00 |
| 4 | Имплементација на проектни активности Општинско-корисна работа (образовни асистенти) | 300.000,00 |
| **А0** | **МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** | **350.000,00** |
| 1 | Учество во партнерски проекти од областа на социјалната заштита со општините од Вардарски плански регион | 250.000,00 |
| 2 | Поддршка на иновативни форми од социјална заштита | 100.000,00 |
| **А0** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **350.000,00** |
| 1 | Кофинансирање во одобрени проекти | 250.000,00 |
| 2 | Осигурување на објектите | 100.000,00 |
| **А0** | **ВКУПНО** | **3.350.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2022 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2022 година, опфатени се мерките активностите и финансиските средства за надминување на социјалните ризици и проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, со цел: одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Прелог-програмата за активностите на Општина Велес е димензионирана на 3.350.000,00 денари и во однос на нацрт-документот е зголемена за 200.000,00 денари, во дел ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ставка 5. Активности за Родова еднаквост.

Во програмата се предвидени активности со кои се задоволуваат потребите од социјална заштита на ранливите категории граѓани, поддршка на деца од социјално загрозени семејства, поддршка на деца без родители и родителска грижа, инклузија на деца и лица со посебни потрби, имплементација на проекти со граѓански организации, министерства и други партнери.

Советот на Општина Велес ја усвојува Предлог- програмата за активностите на Општина Велес, на предлог на Градоначалникот, со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се подобри квалитетот на живот на немоќните граѓани кои живеаат во Општина Велес.